Република Македонија
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

ул Даме Груев бр.1, 1000, Скопје
тел: 02/ 32 15 377
факс: 02/ 32 15 380
E-mail: dksk@dksk.org.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1691/0

Бр. 12 - 8470/5
23.11.2017 год.

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 51 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија", бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08,145/10, 97/2015 и 148/2015) и член 37 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) на седница одржана на ден 20.11.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Приговорот по член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик, заведен во Државната комисија за спречување на корупцијата под архивски број 12-8470/1 од 31.10.2017 година, кој е поднесен од страна Општинска организација на СДСМ Кисела Вода, ***СЕ ОДБИВА .***
2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката донесена во врска со постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави и до подносителот на приговорот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Државната комисија за спречување на корупцијата е оформен предмет по доставен приговор по член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик од страна на од страна на Општинска организација на СДСМ Кисела Вода, *против Општина Кисела Вода поради преземање на активности, кои се под нејзина надлежност и се однесуваат на изведување на градежни зафати - асфалтирање и тампонирање на улици во н. Пинтија во време на изборниот процес, имајќи превид дека во овој период Локалните избори 2017 година во Општина Кисела Вода се уште не се завршени и Советот на Општината се уште не е конституиран*, заведен под архивски број 12 -8470/1 од 31.10.2017 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапи по поднесениот приговор, во рокот предвиден во член 74 став (1) од Изборниот законик(ИЗ), направена е проверка, односно извршен е увид во документацијата со која располага и врз основа на извршениот увид на јавна седница број 232 одржана на ден 01.11.2017 година, констатира дека ДКСК продолжува со испитувањето на наводите од приговорот заради прибирање на информации од надлежни институции неопходни за утврдување на фактичката состојба, по што едногласно донесе заклучок за продолжување на постапката по поднесениот приговор во насока на прибирање на релевантни податоци или документацијата со цел утврдување на фактичката состојба по однос на наводите содржани во приговорот.

Од страна на ДКСК, на ден 01.11.2017 година доставено е барање за информации и документација до Општина Кисела Вода и на истото добиен е одговор од Општината кој во архивата на ДКСК е заведен под архивски број 12-8470/4 од 07.11.2017 година.

Од увидот во доставениот приговор, добиениот одговор, извршените проверки и увид во документацијата со која располага, од страна на ДКСК констатирано е дека:

- На ден 07.11.2017 година, добиен е одговор од Општина Кисела Вода, заведен под архивски број во ДКСК 12-8470/4 од 07.11.2017 година со кој се известува ДКСК дека Општината во целост постапувала согласно позитивните законски прописи во периодот на Локалните избори 2017 година и во прилог се доставува во оригинал одговор со сите прилози добиен од страна на надлежниот Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина од 03.11.2017 година и копија од Упатството за начин на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управни организации за време на изборниот процес бр. 44-5767/1 од 12.10.2017 година донесено од Владата на Република Македонија.

Во доставениот одговор е наведено дека Општина Кисела Вода во наведениот период вршела тековно одржување односно изведувала предвидени градежни активности за санирање (крпење) на ударни дупки, согласно Договор за крпење на ударни дупки на улиците кои се лоцирани на територијата на Општината, а врз основа на претходно даден налог за работа од 11.09.2017 година и дека не станувало збор за асфалтирање и тампонирање на улици. Во предметниот период биле извршени санирање (крпење) на три ударни дупки на ул. „Јабланица", по барање на жителите, а наведените градежни активности биле преземани врз основа на Договор склучен по завршена тендерска процедура од страна на Комисијата за јавни набавки, а врз основа на претходно донесен Годишен план за јавни набавки од 25.01.2017 година, претходно усвоен Годишен план и Програма за работа од страна на Општина Кисела Вода и усвоен Буџет за таа намена. Договорот за крпење дупки а улиците кои се лоцирани на територијата на Општината бил склучен на ден 10.03.2017 година со фирмата Изолација ДОО – Скопје.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК за предметниот случај ја утврди следната фактичка состојба:

- Од страна на Општина Кисела Вода, односно Советот на општината, биле донесени и усвоени Годишен план и Програма за работа – објавени во Службен гласник на ОКВ бр. 12 од 23 ноември 2016 година, каде под точка 3. Трошоци за реализација на подпрограмата (ЈДО) Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици, во ставката 482 - подставка 482130 бил предвиден буџет за оваа намена – Реконструкција на улици и патишта во износ од 35.000.000,00 денари. ( видно од приложениот документ)

- Годишниот план за јавни набавки на Општина Кисела Вода за 2017 година, бил донесен од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода на ден 25.01..2017 година, заведен под архивски број 15-614/2 од 25.01.2017 година и во истиот била предвидена

постапката за јавна набавка - Крпење на ударни дупки на улиците на територијата на Општината, под реден број 36. -во делот Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи.

- Општина Кисела Вода, не вршела асфалтирање и тампонирање на улици, туку во наведениот период вршела тековно одржување односно изведувала предвидени градежни активности за санирање (крпење) на ударни дупки, согласно Договор за крпење на ударни дупки на улиците кои се лоцирани на територијата на Општината, а врз основа на претходно даден налог за работа од 11.09.2017 година. (видно од доставената документација)

  Во предметниот период биле извршени санирање (крпење) на три ударни дупки на ул. „Јабланица", по барање на жителите, а наведените градежни активности биле преземани врз основа на Договор склучен по завршена тендерска процедура од страна на Комисијата за јавни набавки, а врз основа на претходно донесен Годишен план за јавни набавки од 25.01.2017 година, претходно усвоен Годишен план и Програма за работа од страна на Општина Кисела Вода и усвоен Буџет за таа намена. Договорот за крпење дупки а улиците кои се лоцирани на територијата на Општината бил склучен на ден 10.03.2017 година со фирмата Изолација ДОО – Скопје.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на седница одржана на ден 20.11.2017 година, констатира дека *наводите во доставениот приговор,* по член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик, заведен во ДКСК под архивски бр.12-8470/1 од 30.10.2017 година, *не се потврдени,* по што заклучи да се донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Предметот се затвора и се архивира.

*Правна поука*:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**д-р Игор Тантуровски**

Доставено до подносителот